Врз основа на член 9 став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2001 и 5/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.06.2003 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИ И УСТАНОВИ ВО КОИ ЌЕ СЕ СЛУЖИ ВОЕН РОК ВО ЦИВИЛНА СЛУЖБА**

Член 1

Во Одлуката за определување на организации и установи во кои ќе се служи воен рок во цивилна служба („Службен весник на РМ“ бр. 68/2002, 73/2002-исправка и 5/2003), во насловот и во членот 1, зборовите: „организации и установи“ се заменуваат со зборовите: „организации, установи и противпожарни единици“.

Член 2

Во членот 1, во алинејата 14 зборот „и“ се заменува со точка и запирка.

По алинејата 15 се додаваат две нови алинеи, кои гласат:

„- Републички центар за помош на лица со ментален хендикеп „Порака“ – Скопје, во дневните центри Скопје и Кочани, и

- Територијалните противпожарни единици во: Скопје, Битола, Ресен, Прилеп, Македонски Брод, Струга, Кичево, Тетово, Гостивар, Куманово, Штип, Струмица, Радовиш, Кочани, Берово, Велес, Кавадарци, Гевгелија, Валандово.“

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2798/1
9 јуни 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.